**Известување за концентрација со која Ево Пејментс Интернешнал ЛЛЦ, Соединетите Американски Држави и Национална Банка на Грција С.А, Грција стекнуваат заедничка контрола над НБГ Пејментс С.А., Грција (предмет бр. 08-53/2022)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 28.02.2022 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација со која друштвата Ево Пејментс Интернешнал, ЛЛЦ (Evo Payments International, LLC), со регистрирано седиште на 515 Бродхолоу Роуд 515, Мелвил, НЈ 11747, Соединетите Американски Држави и Национална банка на Грција С.А. (National Bank of Greece S.A.), со регистрирано седиште на ул. Еолу 86, 10559 Атина, Грција стекнуваат заедничка контрола над НБГ Пејментс С.А., Грција (NBG Payments S.A.).

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

Концентрацијата се однесува на стекнување на заедничка контрола од страна на ЕВО Пејментс Интернешнал, ЛЛЦ (Evo Payments International, LLC) со регистрирано седиште на 515 Бродхолоу Роуд 515, Мелвил, НЈ 11747, Соединетите Американски Држави, и Национална банка на Грција С.А. (National Bank of Greece S.A.), со регистрирано седиште на ул. Еолу 86, 10559 Атина, Грција, над новооснованото друштво НБГ Пејментс С.А. (NBG Payments S.A.), во кое Национална банка на Грција ќе го пренесе својот деловен потфат за процесирање на безготовинско плаќање.

**ЕВО Пејментс Интернешнал, ЛЛЦ** е зависно друштво на ЕВО Инвестко, ЛЛЦ (EVO Investco, LLC), кое пак е во мнозинска сопственост на ЕВО Пејментс, Инк. (EVO Payments, Inc.), владејачкото друштво на ЕВО групацијата. ЕВО е водечки обезбедувач на технологии и услуги за плаќање. ЕВО нуди низа иновативни, сигурни и безбедни решенија за плаќање на трговци, од мали и средни претпријатија до мултинационални друштва и организации ширум светот. Како целосно интегриран обезбедувач на безготовинско плаќање и процесор на плаќања во над 50 пазари и 150 валути ширум светот, ЕВО обезбедува конкурентни решенија кои промовираат раст на работењето, ја зголемуваат лојалноста на клиентите и ја подобруваат безбедноста на податоците на меѓународните пазари што ги опслужува.

ЕВО Пејментс не е активно и нема поврзани друштва во Република Северна Македонија.

**Национална банка на Грција** С.А. е една од четирите системски банки во Грција и е една од најголемите финансиски институции во Грција, нудејќи широк опсег на финансиски производи и услуги. Банката има силно присуство ширум државата, со

водечки пазарен удел во повеќето од главните деловни области, вклучувајќи ги работењето со население и корпоративното кредитирање.

НБГ групацијата <u>има едно зависно друштво</u> во Република Северна Македонија:

- Стопанска Банка АД Скопје, со регистрирано седиште на ул. 11 октомври бр. 7, 1000 Скопје, Република Северна Македонија.

Стопанска Банка АД Скопје е лиценцирана банка овластена да врши банкарски активности.

**НБГ Пејментс С.А.** го претставува деловниот потфат на Национална банка на Грција С.А. за процесирање на безготовинско плаќање, кој пред оваа концентрација е во самостојна сопственост на Национална банка на Грција С.А., а по спроведување на истата, ќе биде под заедничка контрола на ЕВО Пејментс Интернешнал, ЛЛЦ (преку индиректно зависно друштво) и Национална банка на Грција С.А.. Предвидено е Целното друштво да биде активно во деловниот потфат за процесирање на безготовинско плаќање само во Грција и нема да има активности во Република Северна Македонија.

Подносителот смета дека **релевантниот пазар на производи** може да се дефинира како пазар **на обезбедување на услуги за процесирање на безготовинско плаќање.**

Што се однесува до **географскиот опсег на пазарот** за предметната концентрација, Подносителот предлага релевантниот географски пазар да се дефинира како **национален, односно како територијата на Република Северна Македонија**.

Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.

Комисијата ги повикува сите заинтересирани страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.

04.03.2022 година, Скопје